# МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

## на Проектот на УСАИД за меѓуетничка интеграција во образованието

## февруари 2017

---

## I. СПРОВЕДЕНИ АКТИВНОСТИ

### Компонента 1 – Информирање на јавноста и заедниците

- **Дебатна конференција „Интегрирани Разговори“.** Се одржа дводневна дебатна конференција: *„Интегрирани разговори“* на која учествуваа повеќе од 100 средношколци од различна етничка припадност, со цел да се промовира критичко размислување, учеството на младите во процесите на донесување одлуки и подобрување на меѓуетничките односи меѓу нив. Студентите научија како да се користи дебата во реалниот живот и ги подобрат своите вештини за јавно говорење.
  Покрај тоа, универзитетски професори, новинари и претставници на граѓанското општество, како Маја Мухиќ од Универзитетот на Југоисточна Европа, Назим Рашиди од Алсат-М, Мерсиха Смаиловиќ од ЛЕГИС, Бујар Лума, ЦБС Лоја и Ива Михајловска, Канцеларијата на Народен Правобранител, беа поканети да ги споделат и да разговара со учениците за интеркултурен дијалог и културна разновидност во Македонија и улогата на младите во развојот на културата, дебата и медиумите.
- **Фестивал на изведувачки уметности и добри практики.** Второто издание на фестивалот „BE CREATIVE - BE INTERACTIVE - BE INTERETHNIC“, се организираше со цел да се споделат добрите практики од реализираните креативните работилници и креативни корнери од Проектот на УСАИД за меѓуетничка интеграција во образованието. Овие креативни процеси, низ кои поминуваа средношколци од Република Македонија, во изминатите пет години, имаат за цел да го зајакнат учеството на младите во меѓуетничкиот дијалог во училишната средина и да ги зголемат граѓанската свест и почитувањето на човековите права меѓу младите луѓе во Македонија преку креативен пристап и израз. Ова второ издание на фестивалот имаше за цел да биде практичен и добар пример на оние кои сакаат на креативен начин да работат со младата генерација и беше наменет за оние кои веруваат во потенцијалот на младата генерација и кои веруваат дека со насочување на креативниот потенцијал кој го поседуваат младите, низ добро обмислени и дефинирани методологии, може да се прават промени.
  На фестивалот учествуваа преку 110 ученици од петте училишта кои спроведуваа методологија на креативни работилници и форум театар методологија и кои ги претставуваа своите продукти на 6 месечна работа и меѓусебна интеракција.
  На фестивалот учествуваа и познатите актери Сашко Коцев, Кети Дончевска-Илиќ, Горан Илиќ и Осман Ахмети кои беа вклучени во овие процеси и во улога на ментори.
- **Подготовки за свечено завршен настан на ПМИО.** Тимот на ПМИО започна со подготовки за свечено одбележување на досегашните постигнувања во рамките на проектот во партнерство со образовните институции, општините, училиштата и другите партнери и соработници. Настанот има за цел да се споделат искуствата и прогресот во насока на меѓуетничка соработка и интеграција, и понатамошниот тек на овој важен процес во образовниот систем.

- **Редовно информирање на институциите, општините и училиштата за активностите на ПМИО.** Дел од активностите опфатија и редовно ажурирање на информациите и објавување на новости и приказни за текот на активностите преку фејсбук страницата *Интегратика,* како и веб-страницата на проектот www.pmio.mk. Дополнително, активностите кои се одвиваа во рамките на училиштата (самостојни или во партнерства со другите училишта), во периодот имаа медиумска поддршка и покриеност.

**Компонента 2 – Градење на капацитетите на училишното раководство и наставниците**

- **Реализација на зимски камп.** Реализиран беше зимски камп со учество на вкупно 32-ца ученици и 8 наставници: од едно еднојазично (ОУ „Христијан Т. Карпош“, Куманово) и три повеќејазични основни училишта (ОУ „Врапчиште“, Врапчиште, ОУ „Живко Брајковски“, Бутел и ОУ „Браќа Миладиновци“, с. Добрушево, Могила). На кампот учениците имаа можност да соработуваат во различни мешани групи преку игри за комуникација, тимска соработка, реализацијата на фотографски работилници, спортски и забавни активности. Активно учество на кампот имаа и 8-те наставниците преку посебни работилници организирани за нив.
- **Работилници за зајакнување на улогата на општината во промените за МИО.** Се одржаа уште две работилници (на 1 и 2 февруари 2017 година) со советници во општините вклучени во продлабочена соработка и СИТ претставниците од училиштата. Во петте реализирани работилници беа вклучени повеќе од 200 учесници.
- **Обука за студенти од педагошките факултети**. Се реализираше обуката со 20 студенти од педагошките факултети во РМ. Целта на обуката е учесниците - идни наставници да се сензибилизираат за работа и да се запознаат со базичните елементи на концептот за унапредување на меѓуетничката интеграција преку образовниот процес.

**Компонента 3 – Модел училишта**

- **Приредби**. Во основното модел училиште „Санде Штерјоски“, Кичево се одржа приредба по повод патронатот на училиштето. На приредбата се настапи со повеќе точки меѓу кои и со две интегрирани точки подготвени и реализирани со ученици од сите настави и јазици.
- **Работна средба со претставници на општината и директори од основните училишта**. Во Кичево се одржа работна средба со одговорните за образование од општина Кичево и директорите на повеќето основни училишта од општината. Беа дискутирани досегашните практики на соработка меѓу училиштата на ниво на општина како и се разговараше за стратегија за продолжување на соработката и организирање на нови меѓусебни активности и во следната учебна година.

**Компонента 4 – Стимул за училиштата**

- **Активности за реновирање.** Во тек се активностите за реновирање кои се обврска на ПМИО во општинско основно музичко училиште „Лазо Мицев Рале“, општина Кавадарци.
- **Одржана е конференција за презентирање на добри практики за одржување на училишта.** Конференцијата се одржа на 10 и 11 февруари 2017 година во Хотел Дрим во Струга. Конференцијата ја следеа секретари и технички персонал од 63те реновирани училишта. На конференцијата добри практики за одржување на училишните згради презентираа претставник од МОН/КИ, одговорни за образование од општини, директори на училишта и координатори и членови на Тимови за реновирање.
- **Опрема за одржување на училишни објекти**. Доставена е опрема за одржување на училишните згради во ООУ „Христијан Тодоровски Карпош“ во општина Куманово и СОУ „Моша Пијаде“, општина Тетово кои се дополнително реновирани во 2016 г.
- **Месечни состаноци во 15 училишта од фаза 5 за следење на работата за одржување на училишните згради.** Сите 15 училишта реновирани во фаза 5 беа посетени од стручни лица кои ја пратат работата и процедурите за одржување на училиштата при што им беа доставени планови за одржување и им беше дадена стручна помош во однос на одржувањето на училишните згради (градежни позиции, систем за греење, електрични инсталации, хигиена).

**Мониторинг и евалуација**

- **Активности за мониторинг и евалуација.** Мониторинг на тековните активности на ПМИО, како и финализирање на финалниот извештај за евалуација.

## II. ПРЕТСТОЈНИ АКТИВНОСТИ ЗА СЛЕДНИОТ МЕСЕЦ

- Свечен завршен настан на Проектот на УСАИД за меѓуетничка интеграција во образованието.
- Ажурирање на информациите и објавување на содржините преку фејсбук страната Интегратика и веб-страната на проектот www.pmio.mk.

**Проект за меѓуетничка интеграција во образованието (ПМИО)**
Ул. Козле, 1-б
1000 Скопје, Македонија
Е-пошта: info@mcgo.org.mk Веб страна: www.pmio.mk